РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА
ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
Број а-12
Датум 13.05.2008 год
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 и член 72 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/2008), Одборот за акредитација на 70-та седница одржана на 13.05.2008 година донесе

# РЕШЕНИЕ

## за акредитација на Проектот за основање на приватната високообразовна установа Универзитет за туризам и менаџмент - Скопје

1. Се прифаќа и акредитира Проектот за основање на 5 факултети на приватната високообразовна установа Универзитет за туризам и менаџмент - Скопје, согласно Законот за високото образование и Правилникот за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и вршење високообразовна дејност.
2. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се дава за студиските програми на:

- **Факултет за претприемачки бизнис;**
- **Факултет за менаџмент на човечките ресурси**;
- **Факултет за меѓународен маркетинг менаџмент;**
- **Факултет за спортски туризам и**
- **Факултет за односи со јавноста**

По завршените тригодишни студии, студент кој завршил додипломски студии на наведените факултети се стекнува со диплома :

- дипломиран менаџер по претприемаштво;
- дипломиран менаџер по човекови ресурси;
- дипломиран менаџер по меѓународен маркетинг менаџмент;
- дипломиран менаџер по спортски туризам;
- дипломиран менаџер по односи со јавноста;

3. Основачот е должен во целост да го реализира Проектот од точка 1 на ова решение по однос на исполнетоста на условите за вршење на високообразовна дејност во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи за вршење високообразовна дејност ("Службен весник на Република Македонија", бр. 33/03).

4. Основачот може да распише конкурс и да врши запишување на студенти, откако во целост ќе ја спроведе постапката за основање на новите факултети од точка 3 на ова решение во согласност со Законот за високото образование, односно откако ќе добие решение за почеток со работа од Министерството за образование и наука и ќе изврши запишување во Регистарот на високообразовни установи на Република Македонија, како и во судскиот регистар кај надлежниот суд по што Универзитетот стекнува право да врши високообразовна дејност на новооснованите факултети.

5. Според условите дадени во Проектот, за основање на пет факултети во составот на Универзитет за туризам и менаџмент - Скопје вкупниот број на студенти на новите факултети може да изнесува најмногу до 300 студенти годишно.

6. Со денот на влегувањето во сила на ова решение, основачот има право да ги преземе сите активности за спроведување на Проектот за основање на новите факултети во рамките на Универзитет за туризам и менаџмент Ђ Скопје и да ја информира јавноста за содржината на ова Решение, како и за активностите што ги презема за основање на новите факултетите во рамките на Универзитетот.

7. Основачот нема право право да го користи ова Решение за информирање на јавноста дека е завршена постапката на основање на новите факултетите во рамките на Универзитетот и дека се исполнети условите за вршење на високообразовна дејност, ниту на било кој начин да ја доведува во заблуда јавноста дека може да започне со упис на студенти.

8. Акредитацијата од точка 1 на ова решение му дава право на основачот да продолжи со подготвителните работи за основање и конституирање на новите факултетите во рамките Универзитетот, со право наставата да ја започне од учебната 2008/2009 година или подоцна под условите определени со ова Решение.

9. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува со денот на дадената финансиска гаранција согласно законот.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

По поднесеното барање на Универзитет за туризам и менаџмент-Скопје , за прифаќање и акредитација на Проектот за основање на 5 факултети на приватната високообразовна установа Универзитет за туризам и менаџмент-Скопје , Одборот за акредитација формира експертска комисија која подготви експертски извештај и го достави до членовите на Одборот за акредитација.

Одборот за акредитација го прифати и акредитира проектот и елаборатот за основање на 5 факултети на Универзитет за туризам и менаџмент-Скопје , врз основа на исполнетоста на условите согласно Законот за високото образование и Правилникот за нормативи и стандарди за основање високообразовни установи и вршење високообразовна дејност.

Одборот за акредитација на 67-та седница одржана на 26.02.2008 година, расправаше по барањето на приватната високообразовна установа Универзитет за туризам и менаџмент-Скопје и по доставениот проект и извештајот на експертската комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОДБОРОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**Проф .д-р Ѓорге Иванов**